Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-227/4
16.07.2021 год.
СКОПЈЕ

Постапувајќи по претставката бр. 0801-227 од 16.07.2019 година, поднесена од [redacted] против [redacted] вработен во Јавно сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје за извршена директна дискриминација врз основа на етничка припадност и вознемирување на работно место, согласно член 8 и член 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 16.07.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**СЕ УТВРДУВА директна дискриминација** врз основа на етничка припадност и **вознемирување на работно** место извршено од страна на раководителот на внатрешна контрола [redacted] вработен во Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје.

## Образложение

Во претставката подносителот наведува дека [redacted] кој е вработен како раководител на внатрешна контрола во ЈСП Скопје постојано го малтретира и омаловажува вработениот [redacted]. Поради стресните околности на работното место подносителот на претставката доживува нервоза, напнатост, несоница и висок крвен притисок кој е потврден од страна на ЈЗУ Здравствен дом - Скопје - Поликлиника Драчево. Потврдата за здравствената состојба како доказен материјал е доставена до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

До Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје на 25.05.2021 година и 05.07.2021 година беше испратено барање за изјаснување заведено под архивски број 08-227/2 и ургенција за одговор по барањето за изјаснување заведено под архивски број 0801-227/3, по што од страна на ЈСП Скопје немаме добиено повратен одговор.

Поради тие причини, тргнувајќи од меѓународните правни акти вклучувајќи ги Универзалната декларација за човекови права, Европската конвенција за човекови права, Меѓународната повелба за граѓански и политички права, акти кои се ратификувани и правно обврзувачки за Република Северна Македонија, Конвенцијата во однос на вработување и професија 111 (МОТ), продолжувајќи со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за работни односи, Законот за заштита од вознемирување на работно место и Законот за спречување и заштита од дискриминација член 8 и член 10, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација **утврдува директна дискриминација и вознемирување** и ја дава следната препорака

## ПРЕПОРАКА

Се препорачува [redacted] да престане со дискриминацијата и вознемирувањето на вработениот [redacted], а Јавното сообраќајно претпријатие (ЈСП) Скопје во согласност со одредбите на Законот за спречување и заштита од дискриминација член 27 став 2 и член 21 став 3 да обезбеди задолжително учество на обука за подигање на свеста и сензибилизација за темите дискриминација и вознемирување во соработка со невладините организации кои работат на тоа поле.

Понатаму, согласно член 21 став 1 точка 16 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата *„дава информации на заинтересираното лице за неговите или нејзините права и можност за покренување на судска постапка или друга постапка за заштита од дискриминација“*, затоа согласно членот 32 и членот 39 од законот ја упатуваме жртвата на дискриминација, г-н [redacted], да поведе судска постапка за заштита од дискриминација пред надлежен граѓански суд со напомена дека постапката е итна и бесплатна.

Комисијата согласно со своите законски надлежности го следи извршувањето на мислењата и препораките за конкретните случаи на дискриминација, сè до нивното исполнување. Доколку субјектот кон кој е упатена Препораката не постапи по истата, Комисијата има законска надлежност да поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежниот суд за прекршоци, согласно член 27, став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

**Претседателка**

**Весна Бендевска**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

Пратено до:

- [redacted] Скопје
- ЈСП Скопје, Раководител на внатрешна контрола г-н [redacted], ул. Александар Македонски бр.10, 1000 Скопје